Виолета АЧКОСКА

# СОВРЕМЕНОСТА И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕТО НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Не е едноставно да се биде историчар, а уште повеќе да се изградува историска свест и да се пренесува знаење за минатото кај младите генерации во едно време на динамични промени и неизвесности пред предизвиците на иднината. Затоа, неминовно се поставува прашањето како нашето пренесување на минатото да биде во функција на иднината, а историјата да биде она најважното - учителка на животот.

Одамна е јасно дека свртувањето кон минатото често значело и бегство од иднината. Притоа, ако интересот за минатото го употребуваме за да го "дополниме" неснаоѓањето пред отворените прашања на современоста и иднината, сосема сигурно, не ќе можеме да ја унапредиме ниту историографијата ниту рационалното вклучување на нејзините резултати во образовниот процес, односно во наставата по историја.

Лоцирани на Балканот, на едно од најкризните жаришта во светската историја, на крстосница на цивилизации, носејќи ја трагиката на поделен и негиран народ, несигурни пред иднината, на прагот на дваесет и првиот век, често наоѓаме прибежиште кон *"сиīурносѿа"* во далечното и "славно" минато, барајќи величини од минатото во сегашниот недостаток на такви времиња и личности. Барајќи спасување во минатото, се настојува просторот и времето на "сигурноста" што повеќе да се прошири и продлабочи. Секако, во границите на националното наследство. Притоа, поимот "сигурност" може да биде сосема условен. Може да се однесува и на идеја и на настан и на личност што во минатото пружале некое чуство за постоење на "национална програма", "национална гордост", одредена организација, востание, народноослободително движење и т.н. како потхранување на чуството за некоја величина, авторитет, гаранција која што недостасува во сегашноста.

Сепак, би звучело несериозно ако занимањето за минатото во актуелниот момент го сведуваме само на претходно изложената мотивираност. Тука, најпрво станува збор за напорите кои треба да доведат до тоа историјата, и како наука и како наставен предмет, да биде иманентна содржина на едно човеково постоење во кое, човекот и современоста се синтеза на целокупната дотогашна мисловност и дејност на претходните генерации. Само така, историјата ќе ги отвора пред младите генерации

вратите на иднината во која ќе чекорат како богати, осознаени историски субјекти.

Во врска со оваа образовно-воспитна улога на предметот историја се наметнува и прашањето за односот на историјата и историската свест. Или во која степен политиката и одредената идеологија биле вклучени во градењето на тој однос. Далеку одминало времето кога широката јавност (во тие рамки и младите генерации) не покажувале интерес за историските шаблони (градени под еднопартиската индоктринација), посебно кога се работи за прашањата од најновата историја. Современиот историски момент во кој се наоѓа македонското општество, во неговиот рудиментиран облик на политичка демократија и економски развој, ја отвара "Пандорината кутија" на случувањата од поновата историја. Живееме во време на рушењето на општеството на лажни потреби и псеудовредности базирани врз историските стереотипови кои по својата функција одговарале на одредена технологија на владеење. Тие стреотипови, никако повеќе не можат да одговараат на егзистенцијалната вертикала на Република Македонија, во духовен и интелектуален поглед зашто таа, конечно мора да се потпре врз универзалните вредности на основните процеси на своето настанување, на длабоките цивилизациски достигања на европските простори и општокултурната, сопствена национална традиција.

Конечно, сакале или не, човекот и општеството мораме да ги прифатиме такви какви се, без колективистички стремежи луѓето и општеството неспонтано да се променуваат и да се прилагодуваат на одредена идеја, кое што по правило, во историјата водело кон тоталитаризам. Напуштањето на колективистичките митски претстави за историјата на сопствената нација и нејзините романтичарски идеализации претставува важен предуслов за општественото созревање. Одлагањето на рационалното согледување на минатото укажува на немоќта на општеството (и на силите кои претендираат на идентификација со него) да ја надвладее историјата, со што се продолжува и времето во кое односот кон сегашноста се одредува со прашањата од минатото. Така можеме и да се запрашаме дали таквото општество излегло од историјата, бидејќи ја пропушта приликата со неа рационално да се соочи и да влезе во современоста врз основа на променети критериуми. Заради сето ова мошне е важно да се обрне посебно внимание на историското образование преку кое се всадува историската свест кај младите генерации.

Првата задача во историското образование претставува фазата во која мораме да понудиме фонд на точни знаења и податоци, кое всушност е основен елемент на секое образование. Притоа никако не мислиме на сведувањето на историјата на фактографија, кое што во голема степен беше карактеристика на современата македонска историографија и се

пренесуваше на полето на наставата по историја, посебно присутно и низ учебниците по историја. Таквиот приод нужно го сведуваше учењето на меморирање факти и создаваше површни знаења кај учениците[1].

Кога станува збор за осовременување на наставата по историја неминовно е историските факти да бидат вклопени во пошироки слики кои ќе овозможат разбирање на одредени историски ситуации, од кои помнењето на податоците би произлегувало како последица. Историското образование неминовно мора да укажува на процесите, континуитетот, на целината и проблемите, со што кај учениците се буди интерес да размислуваат за минатото и за неговите поуки (умешност на анализа и синтеза). Со таквата постапка наставата по историја би ја изгубила својата морализаторска позиција врз основа на која таа си зема право да изрекува за минатото одредени вредносни судови, кое што беше нејзина основна цел во школството, преоптеретено со идеологија во еден долг период, во рамките на ФНРЈ - СФРЈ. Стварноста се редуцираше само на една димезија, која што ја следи судбината на идеологијата, па според неа и се менувала. На тој начин можноста за рационално соочување со минатото постојано се одлагала. Со тоа се одложувало и реалното соочување со современоста како надоградување на минатите процеси но и како зародиш на иднината и новото и како предуслов за демократија во општеството.

Во период од неколку децении слободен национален развој на Р. Македонија по Втората светска војна, во услови на перманентно владеење на монолитна политичка структура[2], историската наука во голема мера била поставувана во рамките на “монолитното еднозвучје”. Таа била само дел од идеологизираната свест на владеачката политичка структура, која се стремела кон создавање на “колективна историска свест” и кон потиснување на секаква различитост надвор од партискиот шаблон.

Во истите тие рамки, дури уште пошематски, беше вклопувана и наставата по историја. Таа имаше за цел да ги афирмира општо прифатен-

[1] И покрај сите изречени критики во однос на постојните учебници по историја, сметаме дека тие го одразуваат степенот на развој на македонската историографија која, во голем обем, сè уште се наоѓа на нивото на фактолошка историја. Инаку, историјата како наука во својот природен развиток поминува низ три фази: 1. фактолошка историја, 2. аналитичка и 3. филозофирање на историјата. Фактолошката историја, всушност, ги анализира и претставува само историските ефекти. Аналитичката историја ги анализира историските причини и затоа претставува сериозен чекор напред во развитокот на историската мисла. Нашата историографија, како млада, постепено преминува од фактолошката во аналитичната историја. Но, сепак, соодносот меѓу фактолошката и аналитичката историја кај нас оди во корист на фактолошката историја. Бидејќи наставата по историја не може да биде одделена од развојот на историографијата како наука, сметаме дека следи воведувањето на повеќе анализа во презентирањето на процесите и настаните во текот на наставниот процес и веројатно во идните учебни помагала.

[2] Тоа е всушност еднопартиски ситем кој формално функционира низ обликот на “демократски плурализам”.

ите вредности на владеачката политичка структура создавани врз база на идеолошките критериуми на СКМ - СКЈ. Затоа и најчесто пласирани, во рамките на современата историја, до осамостојувањето на РМ, беа содржините кои го опишуваат создавањето на КПЈ и КПМ[3], нивниот развоен пат, страдањата на комунистите на робија, улогата на Ј. Б. Тито и други личности од комунистичкото движење, историските седници, важни дејци од комунистичкото движење, НОБ, сите непријателски офанзиви, обновата, општествено-политичките организации, судбинското “НЕ” на Сталин, движењето на неврзаните, самоуправувањето итн., се во духот на славење на југословенскиот “автентичен пат” во социјализам, еднострано и без доза на критичност за другата страна на сите овие настани и појави. На пример, која беше пропратната појава на тоа судбинско “НЕ”, што донесоа одлуките на прогласените “историски седници” на Партијата и каква била улогата на поедини личности во историјата. Многу од овие настани и личности, завиени со велот на идеолошката “конспиративност’’ беа забранета зона за истражувачите, а уште помалку за нив можеа да слушнат младите во ученичките клупи. Историјата како учителка на животот, во голема мера, беше облечена во догматско руво, бегајќи од тоа да ги поучува младите и да развива критички дух и историска свест свртена кон иднината (односно кон промените во иднината).

По смртта на Јосип Броз Тито и евидентното распаѓање на југословенската федерација, сè позачестено во јавноста почнаа да пробиваат дотогашните табу-теми, пропратени со осветлувањето на понекоја “мрачна” тајна од историјата. Така почнува постепено да се подига таинствениот превез во забранетата зона, почнуваат да се демистифицираат историските личности и настани. Иако понекогаш се оди во другата крајност, тука започнува големото тектонско помрднување во развојот на македонската историографија. Наставата по историја заостануваше зад ваквите обиди за објективизација на историјата, а учениците имаа сè повеќе прашања за тоа што навистина се случувало и како било. Така постепено се навлегуваше по патиштата на секоја демократска цивилизирана земја - дека секоја генерација, следејќи ги причинско-последичните врски треба и мора да ги открива вистините со некои понови и поинакви димензии, а не низ крутите шеми на своите татковци.

Ако го прифатиме ставот дека предмет на историјата се завршени и неповторливи настани, тогаш значи дека современоста само со своите

---

[3] Создавањето на КПМ и другите битни датуми од развојот на КПМ, како и оценките на поодделни историски личности, во еден подолг временски интервал, се земаа главно, според политичкиот реферат на Лазар Колишевски на Првиот конгрес на КПМ од 1949 година. Притоа, не беше пожелно, а често и политички “оправдано” да се даваат поинакви интерпретации или временски определувања на овие дати, а науката беше во функција на “верификатор” на таквите вистини (читај: партиски).

завршени процеси и настани припаѓа на историјата. Затоа, при презентирањето на современата (најнова) историја настануваат одредени тешкотии заради преплетување на сегашните со бившите процеси. Тука се поставува и прашањето дали современиците треба да пишуваат за настаните во кои учествувале. Свесни за опасноста дека современикот најчесто може да ги посматра настаните од својот личен агол, ние би го прифатиле ставот дека генерацијата на учесници во одредени настани мора да ја пишува сопствената историја и да ги збогатува и своите современици и идните генерации. Впрочем, кога и еден независен историограф ја пишува историјата, неговата индивидуалност секогаш доаѓа до израз - тој го прави нужниот избор на настаните и личностите и на свој начин ги подредува и тумачи фактите до кои дошол.

Денес, во актуелниот историски миг, пред современата македонска историографија се отвараат нови дилеми коишто носат и судбински и цивилизациски искушенија. Дали историската наука и самата зафатена во барање излезни патишта од претходните стереотипови (идеолошки) ќе собере сили со помош на нови сознанија да се види себе си во светската историја на XXI век. Создавајќи (преку наставниот процес и низ други патишта - медиуми итн.) историска свест кај младите поколенија, таа никогаш не може да биде вредносно неутрална "чиста наука", туку наука која се ангажира за нови цивилизациски текови, унапредувајќи се самата себе си со надминување на затекнатите стереотипови. Додатно на тоа, секој историограф мора да биде свесен дека е значаен дел од создавањето на традицијата, културата и идната цивилизација на сопствената нација и дека неговата задача е да ја открие и презентира пред јавноста вистината за минатото време. А уште поголема е одговорноста на поучувачот на историјата кој мора да најде начин (и покрај несоодветниот општествен третман на неговото место и улога) тие најнови сознанија да ги пренесе на учениците и кај нив да развие историска свест за припадноста на македонската држава, историска свест дека тие се продолжувачи на најубавите историски традиции на својот народ.

Ова особено се однесува за периодот на Втората светска војна чиј финален резултат беше конституирањето на Демократска Федерална Македонија во рамките на Авнојската федерација. Затоа, кога станува збор за прашањата и проблемите на не така далечната НОВ на македонскиот народ 1941-1944 година, со оглед на процесите чии корени беа зачнати во тие години, но течат и до современоста, со оглед на тоа што имаме маса живи сведоци и современици на тоа време, мораме да констатираме дека тука се работи за "жива" материја. Основните општествени процеси поттикнати со НОВ сè уште се во тек и политички актуелни, така што и настаните и личностите од овој историски период често се стаат на оваа или онаа страна во актуелните политички прест-

метки. Уште повеќе ако се земе предвид фактот што поедни учесници во НОВ ја продолжиле својата политичка кариера во партиските и државни служби на социјалистичката Федерација. Меѓутоа само дел од нив ја задржале скромноста и моралот на борците и комунистите од деновите на борбата. Нивното брзо вклопување во бирократските структури на државно-партиската хиерархија на сметка на многу свои довчерашни "другари" и соборци, фрлило сенка и врз целокупниот број на учесници во НОВ. Тоа им дало неоспорно оружје на антикомунистички настроените сили да ја карактеризират НОБ како контрареволуција која завршила со крута диктатура на една партија. Тука се поставува прашањето како да ги одбраниме нашите ученици од упростувањата и како да ги заштитиме од вулгаризацијата на историјата на поодделен актуелен политички маркетинг.

Во овој период од пет децении развој на македонската историографија околу проблемот на НОБ, заради нејзината "временска близина'' и незавршените историски процеси, делувале со променлива сила и интензитет различни политички и идеолошки слоеви: вдахновен револуционерен романтизам и занес со новата општествена преобразба, барањата за побрзо осознавање на сопствената револуционерна традиција, прагматичната свест присутна во партиското раководство дека и со помош на науката се врши револуционерна преобразба, појавата на догматичари од најразличен вид на кои историографијата на револуцијата им служела како борбено знаме во дневнополитичките битки (дел од арсеналот на "рентиери на револуцијата"), расцепите и противречностите помеѓу комунистичките и други тогашни партии на левицата во меѓународните односи како и меѓусебните пресметки внатре во КПЈ (леви и десни скршнувања итн.).

Прашањето за карактерот на НОВ мислевме дека е расчистено и ставено во архивските кутити. Наеднаш тоа повторно се актуелизира и стана предмет на расправи на историчарите и филозофите, социолозите, политиколозите итн. Од различни агли се претресува прашањето дали тоа била ослободителна или граѓанска војна, дали нејзиниот карактер е антифашистички или антикапиталистички, дали се работи за социјалистичка револуција, за народна револуција или за контрареволуција. Булеварскиот печат повторно е исполнет со дилеми околу ослободувањето на македонските градови од окупацијата[4] во текот на Втората светска

[4] Во светската наука е општо прифатен ставот дека за конечно ослободување на еден град се смета денот кога и последниот окупаторски војник го напуштил градот. Специфично за Македонија во Втората светска војна е тоа што таа била во различни периоди и на различни места под окупација на четири окупатори - германски, италијански, бугарски и квинслишки (албански), дека сè уште не била конституирана како посебна држава и дека антифашистичката борба на македонскиот народ имала, пред сè, национално-ослободителен карактер.

војна кои во никој случај не одат во прилог на национално-ослободителните борби и стремежи на македонскиот народ.

Одделни органи и организации, тргнувајќи од различни партиски, националистички и туѓи на македонската држава интереси, негираат одредени историски дати од НОБ (некаде и целата НОБ). Така на пример, се бара промена на датумот 19. 11. 1944 како ден на конечното ослободување на Тетово. Тоа всушност значи стремеж на поодделни непријателски сили за прикривање на балистичката реокупација на овој град. На истата линија, се негира 6. 11. 1944 година како ден на ослободувањето на Гостивар, а се бара празнување на 25 декември 1991 година, денот на конституирањето на првото плуралистичко собрание. Исти иницијативи, но од други политички позиции, се покренаа во Прилеп, Штип итн.

Навистина би било трагично кога денешните генерации би избришале од сопствената национална традиција една огромна епопеја каква што е НОБ 1941-1944 година. Без оглед дали се работело за комунисти, за Илинденци или бивши членови на ВМРО, сите овие личности се вклучиле во таа борба која резултирала со формирањето на првата современа македонска држава, чиј резултат е и денешна независна Република Македонија. Без оглед на нивните идеолошки определувања, сите тие биле синови на оваа земја и се бореле за нејзината слобода и државотворно конституирање.

Потребна е голема умешност да се изгради ваква историска свест кај младите генераци. Притоа, сметаме дека појавите од најновата историја треба да се гледаат низ две призми: *прво,* во рамките на конкретниот историски момент кога се случуваат и секогаш со поставување на прашањето дали имало соодветна алтернатива и која е алтернативата, и *второ,* од аспект на историските придобивки за сопствениот народ (што се изгубило, а што се добило).

Во најновата историја се случуваат такви промени кои се извонредно сложени и полни со остри противречности, така што понекогаш бараат гобленско везење на одредена историска појава, со многу нијанси и длабочина. Притоа, никако не смее да се испушти од вид главниот историски процес и не смее да се случи од дрвјата да не ја видиме шумата. Учениците треба да ги заштитиме од сензационализмот во историјата. Таа може да биде и приказна за едно време, но вистинита. Избирањето на сензационалистички моменти од мозаикот на повоените односи, запоставувањето на другите сегменти, освен политичките во проучувањето на феномените од најновата историја, присутно во најновиот период, мошне е штетно за комплексниот развој на историографијата и посебно презентирањето на нејзините резултати на соодветен начин преку наставата по историја. Барањето сензационализам во историското случување, често се

става во функција на бранење на одредени идеолошки или партиски ставови, при што сопственото постоење се оправдува со грешките од минатото без отворање на перспективите кон иднината. Тогаш учениците не се воспитуваат за нови цивилизациски чекори туку во еден романтичарски или реваншистички дух со кој во современоста би се правеле пресметки со историското минато. Тој балкански синдром тешко е да го надминеме, но поучувачот на историјата мора да го прави тој обид.

Кога се зборува за современоста и современиот пристап во презентирањето на најновата историја, неминовно е судирањето со проблемот на национализмот. Иако во извесен степен тој означува афирмација на сопствените национални вредности и достоинствено манифестирање на националните чувства, национализмот се наоѓа во центарот на научниот и општ интерес првенствено заради своето негативно евентуално прераснување во шовинизам и можните историски актуелизации. Без разбирањето на суштината на национализмот, не е можно учениците да го согледаат темниот биланс на овој век и да ги согледаат опасностите од неговото повампирување. Посебно ако се има предвид фактот дека Македонија е мулти етничка држава која се определи за изградба на граѓанско општество според граѓански устав. Секое отстапување од ваквите принципи за сметка на одредено национално малцинство би довело до нарушување на меѓуетничките односи чиешто хармонично функционирање е услов за просперитет и на државата во целост и на нејзините граѓани (од сите нации и конфесионалности)[5].

Историска свест за штетностите на "патолошкиот" национализам (национална омараза) наспроти патриотизмот и љубовта кон својата нација (како "здрав" национализам) кај оваа современа генерација може да се вградува преку бројни конкретни примери и настани од најновата историја: НОБ, братоубиствената војна и паролата за "братството и единството", судирот на КПЈ со ИБ во 1948[6], судбината на одредени членови на Президиумот на АСНОМ[7], на Милован Ѓилас во 1954 годи-

[5] До такви нарушувања, на пример, доведоа отстапките во однос на малцинската квота за запишување на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, со Законот за примена на јазиците на нациналностите во високото образование кој не е во согласност со Уставот на РМ итн.

[6] Преку овој пример можеме да ги поучиме учениците за функционирањето на монолитизмот како основен принцип на меѓународното комунистичко движење, да се запознаат со термини (и појави) кои најчесто биле употребувани во земјите на Источна европа ("реал-социјализмот") како: водечка земја, водечка партија, теорија за ограничен суверенитет, пролетерски и социјалистички интернационализам, братска помош итн. Истовремено тука спаѓа и историјата и трагедијата на Голи Оток, при што треба објективна персонализација на измислените (невини жртви) и вистинските непријатели.

[7] Тука треба, без идеолошките калемења присутни во комунистичкиот и посткомунистичкиот период од македонската историја, врз основа на најновите историографски истражувања, на учениците да им се објасни суштината на идеолошките етикетирања во

на[8], Брионскиот пленум 1966 година, студентските демонстрации 1968, “маспокретот” во Хрватска 1971, настаните на Косово 1981 и војната од деveесетите години на тлото на бившата СФРЈ[9]. Сите овие настани на специфичен начин делувале и ќе делуваат во обликувањето на секојдневната историска свест, заради што треба да добијат посоодветен третман и во наставата и во учебниците по историја.

Сепак, тука мора да постои и едно позитивистичко гледање. Имено, историчарот и посебно оној кој е задолжен да ја раскажува и презентира историјата, мора да биде растеретен од гревот на минатите генерации зашто во односот на минатото сегашното поколение не може да носи одговорност ниту да ги плаќа, ниту да ги расчистува сметките на минатите генерации. Историчарот не смее големината на минатото да ја издигнува над сегашноста, ниту пак е оправдано чуството на супериорност на сегашнината во однос на минатото. Минатото не смее да се употребува како аргумент за сегашните постапки. Тоа може да биде само поука. И затоа *Historia est magistra vitae.*

Особено важно место низ страниците на современата македонска историографија зафаќа обработувањето на историските личности и посебно личностите од поновата историја. Во тие рамки, во процесот на изградувањето на историската свест кај учениците и во нивното сеопфатно воспитување, мошне важен е проблемот на улогата на личноста во историјата. Тоа всушност е универзален проблем на сите епохи, а оваа или онаа историографска школа тргнувала од различни позиции во нејзиното определување.

Најновата историја изобилува со примери на историски личности кои доживеале многу контраверзни оценки за своето делување, а кои во одреден период биле “шеми” и во наставата по историја. Тие оценки често одат и до крајните граници - од тотална нереална глорификација (создавање на култ на личност) до целосно деградирање на личноста со изнесување пикантерии од нејзиониот интимен живот, кои во крајна линија воопшто не се битни за одреден историски исход. Внимателното анал-

КП, прогласувањето за сепаратисти и непријатели на луѓе кои имале поинакви ставови од официјалната државно-партиска политика и нивното вистинско место и придонес во македонската историја - Ченто, Панко Брашнаров, Петре Пирузе, Емануел Чучков, Јордан Блажевски итн.

[8] За учениците би биле интересни неговите политички ставови и барањето за повеќе партиски систем во услови на комплетно владеење на СКЈ во сите сектори од општествено-економскиот живот на државата. Посебно интересна би била неговата книга “Нова класа” која во периодот при крајот на педесетите години била една од најпреведуваните книги во земјите на “третиот свет”.

[9] Војната од деveесетите години, на тлото на бившата СФРЈ, посебно нејзината свирепост и меѓуетничка омараза и одмазда во Босна и Херцеговина е ретка поука која треба да се елаборира при воспитувањето на младите во духот на меѓуетничката толеранција и историската неминовност да живеат еден со друг, а не еден против друг.

изирање на нивното делување и на она што ги прави исклучителни и забележливи во нивната епоха, можеби ќе не сочува од претензиите да судиме за нивното некогашно делување со аршинот на современи односно моментално актуелни погледи и ставови. Денес сме во можност да ја избегнеме замката од претходниот период, зошто и покрај одделни исклучоци, истражувачите на најновата историја на Македонија, во периодот до деveесетите години, оценката на поедини историски личности, најчесто ја даваат според нереални и исполитизирани документи[10], лишени од објективност и често според сталинистичката шема на сликање во црно-бела техника[11].

Во наставниот процес, најбитна е довербата на ученикот кон својот професор (наставник). Тој треба да поседува огромна љубов кон вистината и огромна доза на објективност во описот на настанот и улогата на одредена личност[12]. Зборувајќи за местото и улогата на историските личности, големиот филозоф Хегел, во една прилика, го наведува и тоа дека светските историски личности не водат многу сметка за оние кои им се наоѓаат на патот, дека тие се во состојба да испогазат многу недолжни цветови, да испокршат во парчиња многу нешта што ќе им се најдат на патот. Но од друга страна, ваквите личности поседувале индивидуалност, силен карактер и дух заради што несомнено се издвоиле во своето време

[10] Објективизирањето на оценките за одделни личности и настани беше попречено и заради недостапноста на користење на архивските фондови од најновата историја. Меѓутоа уште е пострашно ставањето под “сеф” на огромна документација за периодот до почетокот на шеесетите години, чија судбина сега е поврзана со настаните во Босна и Херцеговина, бидејќи таа документација беше депонирана во посебни бункери од страна на тогашниот министер за внатрешни работи Александар Ранковиќ.

[11] Таквото црно-бело сликање изразито е во триесеттите години во Совесткиот сојуз. Така, на пр., на едната страна стои непогрешивиот Сталин, а на другата грешниот Троцки. Или на пример во македонската историографија, оцрнувањето на личноста на Методија Андонов - Ченто како реакционер наспроти непогрешивиот комунист Лазар Колишевски. Се тргнува од шемата за-против. На пр. кој е за независна Македонија тој е против Југославија или обратно.

[12] Често цитиран во македонската историографија, во однос на оценките на личноста на Методија Андонов - Ченто е д-р Лазар Лазаров кој, помеѓу другото, наведува: “Опозицијата на Ченто произлегуваше од неговото сфаќање како граѓанин, кој не го прифаќаше новиот курс во Македонија и Југославија пошироко, не беше подготвен да го следи курсот сметајќи се себе си за ‘зрел полтитичар’, со погледи спротивни со одделни конкретни прашања на линијата на Народниот фронт. Дури се обиде и да ја напушти Македонија и да побегне во странство и да поднесе жалба во ООН. Ченто и неговите истомисленици се застапуваа за издвојување на Македонија од Југославија и за директно поврзување со Бугарија. Такви сили за издвојување на Македонија од Југославија и приклучување кон Бугарија постоеја и во самата Бугарија” (Лазар Лазаров, *Ойшйесйвено-економскиой развој на Македонија.* - ИНИ, Скопје 1988, 139). Умешност е на поучувачот на историјата и кога се работи за вакви оценки да го пренесе и амбиентот и времето во кое настанало одредено дело и политичките влијанија во актуелниот момент кои делувале врз донесување на историските судови на авторот.

и станале забележливи во историјата[13]. Најчесто, дел од овие личности биле жртви на своите убедувања и определби, борба или идеали. Тоа несомнено дава трагична нота на нивната судбина и живот. Меѓутоа, тоа не смее да стане повод за идеализација на одредени личности. Во масовното стрелање на Велешаните во јануари 1945 година, во кое трагично загинале неколку десетици граѓани, треба да се одделат невините жртви од оние кои посегнале против својот народ. Така учениците ќе ја сфатат неминовноста од судот на историјата, дека таа ги слави жртвите и хероите, но ги осудува предавниците и дека тоа треба да го носат како дел од сопственото однесување кон својот народ.

Во период од неколку децении, како што наведовме, оценката на поедини историски личности, со мали исклучоци, најчесто беше давана според официјалните партиски документи (конгресни резолуции, заклучоци на ЦК, Програмата на СКЈ, пишувани трудови на највисоките раководители во државно-партиската хиерархија итн.). Таквите оценки беа присутни и низ наставата по историја, а најчесто се премолчуваа личностите кои на некаков начин дошле до судир со официјалната "линија" на КПМ-СКМ или дошле во судир со одредена водечка државно-партиска личност. Денес треба со многу умешност да се објаснува едноумието, култот на личноста, партиското владеење наспроти позитивното право, суштината на етатизмот итн. Учениците да ги сфатат грешките и историските процеси во современата историја, но и да научат да бидат чекор поблиску до новите демократски текови и до демократијата како нивна иднина.

Кога се зборува за личностите и нивната улога во историјата, како поука во наставно-воспитниот процес, неминовно се наметнува уште едно прашање поврзано со процесите во најновата историја. Имено, тука се поставува прашањето дали историјата (се мисли на резултатите од историските случувања) ја граделе масите или личностите? Ако се определиме за тезата дека тоа бил процес на взаемно делување и проникнување, што значи дека и единката т.е. личноста била продукт на тие маси со сета нивна психологија и стремежи на едно време, дали имаме право во името на историјата, како некој вид надисториска сила, да донесуваме морални, политички, правни и други судови за личностите што учествувале или ги предводеле историските настани. Особено тешко за историчарот и посебно за поучувачот на историјата (професорот, наставникот) кој сака да ги одбегне замките на пристрасноста, претставува презентирањето на општествените процеси кои не завршиле во сегашноста, како и објаснувањето на улогата на истакнатите личности во нив, посебно на оние кои сè уште се живи, а поголем дел биле засегнати

[13] Gertrude Himmelfarb, *O heroima, zlikovcima i sobarima*. -Pregled, 262/1993, 67-72.

во минатото од постапките на оваа или онаа личност[14]. Тие живи сведоци и актери делуваат и во современоста и потребно е да имаме диференциран став и однос кон нивното некогашно и сегашно делување (реален однос кон историската рамка).

Последната деценија е време на обиди за формална дезидеологизација на историската наука и на историските личности од неа. Под плаштот на дезидеологизација, од нови идеолошки позици се врши жесток напад врз личностите и делото на борците од НОВ и на други актери од најновата историја. Младите генерации се сведоци на медијските битки на одредени личности и партии. Притоа, често, од идеолошкото корито на комунизмот, личностите се ставаат во идеолошкото корито на антикомунизмот без чуство за историската рамка во која делувале. До крајни граници се занемарува патриотизмот и македонското национално дело на учесниците во НОВ, а како основен критериум се зема нивната припадност во редовите на Комунистичката партија. Истовремено делувањето и улогата на КП не се оценува историски туку актуелно партиско-политички.

Во почетокот на деведесетите години, блатењето на НОВ и на нејзините учесници доби крајно груби и нереални димензии. Прогласената дезидеологизација беше само формална парола зад која се плукаше врз најголемите национални и ослободителни придобивки на македонскиот народ во неговата понова историја. Се бараше ревизија на сè и сешто без објективни согледувања на фактите дека Македонија имаше плејада синови, македонски патриоти и антифашисти кои загинаа за Македонија, за оној илинденски ден 1944 година кога македонскиот народ за прв пат оствари своја државност. Притоа, на многу од дејците им се префрлуваше дека ја жртвувале Македонија, дека не го оствариле нејзиното целосно обединување и ослободување.

Иако во периодот, до смртта на Јосип Броз Тито, дискусиите по овој проблем се сметаа како национализам и сепаратизам (по тргнувањето од политичката сцена на Ченто и на повеќе македонски национални борци) и поголем дел од нив се плашеа искрено да ја кажат вистината, фактот што масовен учесник во редовите на НОВ беше селанството самиот по себе зборува во прилог на ова тврдење. Комунизмот и социјализмот беше малку подалеку од македонското село. Таму беа живи илинденските традиции за слободна и обединета Македонија, традициите за социјална и национална слобода на македонскиот народ. Со многу трпеливост и внимание мораме на младите генерации да им ги презентираме сите околности низ кои поминуваше таа народноосолободителна борба, дека во тие услови и со тие сили (не беа доволни само стремежи и желби) македонскиот народ доби максимум што се можеше.

[14] Едвард Халет Кар, *Што е историјата*. - Скопје 1990, 36-64.

Ваквите размислувања за современата историја бараат осовременување на наставата по историја, надминување на фактографијата и вклучување на повеќе аналитички моменти со што наставата по историја би добила модерна општествена функција и клучно место во изградувањето историска свест кај младите генерации. Така, таа, како учителка на животот, би станала нераскинлив дел од силното струење на животот на културата што настанува, свртена кон создавањето нови цивилизациски текови.